**“Support to Access to Right on Protection of Personal Data**
**Europeaid/135668/IH/SER/MK**

**The European Union IPA TAIB 2012 Programme**

**Проектот е финансиран од:** Европска унија
**Договорен орган:** Централно финансирање и склучување на договори (ЦФЦД), Министерство за финансии
**Име на проектот: “Поддршка за пристап до правото на заштита за личните податоци”**
**Извор на финансирање**: ИПА ТАИБ 2012
**Времетраење:** Ноември 2015 – Ноември 2017
**Корисник на проектот:** Дирекцијата за заштита на лични податоци
**Проектот се спроведува од страна на:** Виалто Консалтинг (УН), ИПС Институтот (СЛО) и НАДПФИ (УН)




Заштитата на личните податоци е гарантирана во член 18 од Уставот на РМ *“Се гарантираат сигурноста и тајноста на личните податоци. На граѓаните им се гарантира заштита од повреда на личниот интегритет што произлегува од регистрирањето на информации за нив преку обработка на податоците“*.

Заради таа цел, проектот се стреми да ја зајакне Дирекцијата за заштита на личните податоци (ДЗЛП) како независно надзорно тело за заштита на личните податоци.

Хармонизацијата на националното законодавство со ЕУ и меѓународното законодавство и со примената на најдобрите практики и меѓународни стандарди во областа на заштитата на личните податоци ќе се зајакне и гарантира заштитата на личните податоци во земјата.

Во таа насока ЕУ проектот има за цел да ја подобри целокупната – правна и институционална рамка за заштита на личните податоци во согласност со најдобрите ЕУ практики со цел да им се обезбеди на поединците да можат да ги остварат своите права на заштита на личните податоци преку ефективно:

- Усогласување на националното законодавство со изменетиот ЕУ acquis од областа на заштитата на личните податоци и најдобрите практики,
- Подобрување на соработката со контролорите и обработувачите,
- Јакнење на механизмите за заштита на личните податоци во различни области,
- Развивање и спроведување на стратегијата за заштита на личните податоци,
- Спроведување на ИСО ИТ стандарди од областа на приватноста.

Проектот има за цел да постигне резултати во согласност со трите проектни компоненти:

1. Спроведување на стратегијата за заштита на личните податоци 2012 – 2016 проследена со Акционен план и развивање на новата стратегија 2017 – 2022,
2. Јакнење на капацитетите за понатамошно спроведување на Законот за заштита на личните податоци и подобрување на соработката со контролорите и обработувачите
3. Спроведување на ИСО стандардизација за информатичкиот безбедносен систем во Дирекцијата за заштита на личните податоци.

**Компонента 1:**
**Спроведување на стратегијата за заштита на личните податоци 2012 – 2016 проследена со Акционен план и развивање на новата стратегија 2017 – 2022**

Проектот треба да развие нова стратегија за заштита на личните податоци 2017-2022 проследено со акционен план и да создаде методологија за следење на спроведувањето на Стратегијата и акциониот план. Механизми за јакнење на заштитата на личните податоци ќе бидат утврдени со примена на најновите меѓународни концепти и мерки од оваа област. Проектот ќе помогне во подготовката на нацрт законот за изменување на законот за заштита на личните податоци со примена на меѓународните концепти и мерки од оваа област. Проектот ќе помогне во подготовка на нацрт законот за заштита на личните податоци со цел да се усогласи националното законодавство со ЕУ и меѓународните стандарди, и ќе развие упатства / прирачници кои се лесни за користење. Проектот ќе го олесни процесот на спроведување на законските одредби преку практични примери во најразлични сектори. Проектот цели да ја подобри јавната свест во однос на правото за заштита на личните податоци и ќе развие Комуникациска стратегија која ќе биде спроведена од ДЗЛП. Проектот ќе го зајакне секторот за инспекција преку подобрување на ефикасноста на инспекциските одлуки и утврдување на механизми за онлајн-инспекции.

**Компонента 2:**
**Јакнење на капацитетите за понатамошно спроведување на Законот за заштита на личните податоци и подобрување на соработката на контролорите**

Активностите од Компонента 2 ќе се фокусира на спроведување на оценката за оперативните и институционалните капацитети на ДЗЛП, јакнење на кадровските капацитети, преку спроведување на обуки за релевантни технички вештини, општи вештини, ИТ или странски јазици за сите вработени на ДЗЛП. Сертифицирани обуки ќе бидат организирани за одделението за обуки при ДЗЛП.
Заеднички активности се предвидени со Комисијата за слободен пристап до информации од јавен карактер. Подобрување на системот за заштита на личните податоци во рамките на органите за спроведување на законот, ЈО и други релевантни институции и судството ќе бидат приоритет на проектот.
Меѓународната соработка на ДЗЛП ќе се подобри преку јакнење на соработката со Евро правда, Интерпол и Европол, во однос на спроведување на одредбите за заштита на личните податоци во процесот на обработка во борбата против сериозните форми на транснационалниот криминал, вклучително и тероризам.

**Компонента 3:**
**Спроведување на ИСО стандардите за спроведување на информатички безбедносен систем во ДЗЛП**

Во ДЗЛП ќе бидат спроведени и ИСО стандарди од ИТ и безбедноста на приватноста. Ќе се изготви и објави надградена политика за информатички безбедносен систем за управување. Вработените на ДЗЛП ќе бидат обучени за ИСО 27001 и други стандарди од областа на приватноста.

**<u>Контакт детали на канцеларијата на проектот:</u>**
Бул. Гоце Делчев 18
1000 Скопје
Tel.:+389 2 3230635 лок. 116
Е-маил: Kristijan.Gjorgjievski@vialto.hu

**Кратко резиме**

На 23ти Ноември 2015, ЕУ проектот "Поддршка за пристап до правото на заштита на личните податоци" започна да се спроведува, со цел понатамошно јакнење на Заштита на личните податоци во земјата корисник и да ги зајакне оперативните капацитети на Дирекцијата за заштита на личните податоци –(ДЗЛП). Во рамките на 24 месечен период и со буџет од 900.000 EUR, проектот се очекува да постигне 12 резултати во рамките на трите проектни компоненти: Спроведување на стратегијата за заштита на личните податоци 2012 – 2016 проследена со Акционен план и развивање на новата стратегија 2017 – 2022; 2. Јакнење на капацитетите за понатамошно спроведување на Законот за заштита на личните податоци и подобрување на соработката на контролорите; 3. Спроведување на ИСО стандардите за спроведување на информатички безбедносен систем во ДЗЛП.